# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр.11/2016

## 07.11.2016 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за доделување на наградата 8_ми Ноември за 2016 година**

Се објавува Одлуката за доделување на наградата 8_ми Ноември за 2016 година, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 04.11.2016 година.

Бр.09_346/1
07.11.2016

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („Сл.гласник на Општина Неготино вбр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 16/14), член 3 и 6 од Одлуката за востановување на општински награди и признанија („Сл.гласник на општина Неготино„ бр.7/01), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 04.11.2016 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**За доделување на награда 8_ми Ноември за 2016 година**

Член 1

Се доделува награда 8-ми Ноември на:
Трговско друштво **_ПАМЕЛА ДООЕЛ** од Неготино.

Член 2

Наградата 8- ми Ноември им се доделува за остварени резултати во областа на стопанството.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во вСлужбен гласник на Општина Неготиног.

Бр.08_338/4
04.11.2016 година

**Совет на Општина Неготино**
**П р е т с е д а т е л,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за доделување на признанија 8_ми Ноември за 2016 година**

Се објавува Одлуката за доделување на признанија 8_ми Ноември за 2016 година, што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 04.11.2016 година.

Бр.09_346/2
07.11.2016

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („Сл.гласник на Општина Неготино вбр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), член 4 и 6 од Одлуката за востановување на општински награди и признанија („Сл.гласник на општина Неготино„ бр.7/01), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на ден 04.11.2016 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За доделување на признание 8_ми Ноември за 2016 година**

Член 1

Се доделува признание 8-ми Ноември на:

1. **Марко Колев** од Велес, раководител на Центарот за развој на Вардарскиот плански регион.
2. **Димитар Ѓорѓиев** од Неготино, трикратен светски првак во кик-бокс.
3. Планинарско друштво СПАОК **АНТИГОНЕА-НЕГ** од Неготино.
4. **Киро Јанев** ликовен педагог и уметник од Неготино.
5. **Анастазија Илкачева** стопанственик од Неготино.
6. **Мики Марков** хуманист од Неготино.

Член 2

Признанијата им се доделуваат за остварени резултати во областа на локалниот економски развој, спортот, образованието и културата, стопанството и хуманитарната дејност помеѓу два празника „8 ми Ноември„ и нивниот придонес во развојот, унапредувањето и афирмацијата на општина Неготино.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во вСлужбен гласник на Општина Неготиног.

Бр.08_338/3
04.11.2016 година

**Совет на Општина Неготино**
**П р е т с е д а т е л,**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програмата за изменување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежното земјиште на просторот на општина неготино за 2016 година**

Се објавува Програмата за изменување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежното земјиште на просторот на општина неготино за 2016 година , што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 04.11.2016 година.

Бр.09_346/3
07.11.2016

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

Врз основа на член 84 став 1 од Законот за градежно земјиште (Сл. Весник на РМ бр. 17/2011, 53/2011, 144/2012 и 25/2013), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 79 став 1 точка 26 од Статутот на општина Неготино (Сл. Гласник на општина Неготино бр. 3/2006, 2/2011, 9/2011, 16/2012 и 16/2014), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 04.11.2016 година ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**

**За изменување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2016 година**

**Член 1**

Во Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2016 година се вршат следните измени:

Во точка 1 ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ во точка 2 **СРЕДСТВА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА** под 2.1 износот од 180.714.000,00 денари се заменува со износ од 148.214.000,00 денари и во табелата **ПРИХОДИ** во точката 11 Средства од буџет износот од 89.214.000,00 денари се заменува со износ од 56.714.000,00 денари

Во табелата **РАСХОДИ** во потпрограмата **ФА Уредување на градежно земјиште** (капитални трошоци) износот од 8.000.000,00 денари се заменува со износ од 3.000.000,00 денари.

**Во оваа табела вкупниот износ од 11.500.000,00 денари се заменува со износ од 6.500.000,00 денари.**

Во точка 2 **СРЕДСТВА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА** во табелата РАСХОДИ во програмата **Ј-КОМУНАЛНА ДЕЈНОСТ во потпрограмата ЈО - Одржување на урбана** опрема износот од 1.000.000,00 денари се заменува со износ од 500.000,00 денари.

- **во потпрограмата Ј1 - Снабдување со вода за пиење** износот од 2.500.000,00 денари се заменува со износ од 1.500.000,00 денари.

- **во потпрограмата Ј2 - Одведување и прочистување на отпадни води** износот од 1.500.000,00 денари се заменува со износ од 500.000,00 денари**.**

- **во потпрограмата ЈА - Изградба на јавно осветлување** износот од 6.000.000,00 денари се заменува со износ од 4.000.000,00 денари

- **во потпрограмата ЈД - Изградба и реконструкција на локални патишта** износот од 32.000.000,00 денари се заменува со износ од 22.000.000,00 денари

- **во потпрограмата ЈЕ - Изградба и простор за паркирање** износот од 2.600.000,00 денари се заменува со износ од 1.600.000,00 денари

- **во потпрограмата ЈГ-Изградба на системи за водоснабдување** износот од 29.000.000,00 денари се заменува со износ од 21.000.000,00 денари

- **во потпрограмата ЈИ- Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води** износот од 7.000.000,00 денари се заменува со износ од 5.000.000,00 денари

- **во потпрограмата ЈЛ-Други комунални услуги(капитални трошоци)** износот од 8.000.000,00 денари се заменува со износ од 6.000.000,00 денари.

**Во оваа табела вкупниот износ од 121.500.000,00 денари се заменува со износ од 94.000.000,00 денари.**

Член 2

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Неготино“.

Бр.08_338/5
04.11.2016 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Јордан Паунов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучот за усвојување на Одлуката за изменување и дополнување на Буџетот на општина Неготино за 2016 година (ребаланс)**

Се објавува Заклучот за усвојување на Одлуката за изменување и дополнување на Буџетот на општина Неготино за 2016 година (ребаланс) , што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 04.11.2016 година.

Бр.09_346/4
07.11.2016

**Г РАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Ванчо Апостолов**

# С О Д Р Ж И Н А

## на Службен гласник бр. 11/2016

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

1. Заклучок за објавување на Одлуката за доделување на наградата 8_ми Ноември за 2016 година Стр.1

2. Одлука за доделување на наградата 8_ми Ноември за 2016 година Стр.2

3. Заклучок за објавување на Одлуката за доделување на признание 8_ми Ноември за 2016 година Стр.3

4. Одлука за доделување на признание 8_ми Ноември за 2016 година Стр.4

5. Заклучок за објавување на Програмата за изменување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежното земјиште на просторот на општина неготино за 2016 година Стр.5

6. Програма за изменување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежното земјиште на просторот на општина неготино за 2016 година Стр.5-6

7. Заклучок за објавување на Заклучот за усвојување на Одлуката за изменување и дополнување на Буџетот на општина Неготино за 2016 година (ребаланс). Стр.7

8. Заклучот за усвојување на Одлуката за изменување и дополнување на Буџетот на општина Неготино за 2016 година (ребаланс). Стр.8